МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ПСИХОЛОГИЈА ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Современи методи во управувањето со човечки ресурси

СТУДЕНТ: СВЕТЛАНА КАРОВА
БРОЈ НА ИНДЕКС:
МЕНТОР:

Свети Николе, 2021

Содржина

Вовед 2

Што претставува управувањето со човечки ресурси? 2

Историски развој или еволуција во управувањето со човечки ресурси 6

Управување со човечки ресурси од 1920-тите до 1950-тите 7

Управување со човечки ресурси од 1960-тите до 1980-тите 8

Управување со човечки ресурси од 90-тите до 2010-тите 9

Кадровска политика наспроти стратешко управување со човечки ресурси 11

Што е стратешко управување со човечки ресурси? 11

Зошто стратешко управување со човечките ресурси? 13

Процеси во стратешкото управување со човечки ресурси 15

⇒ Анализа и планирње на човечките ресурси 15

⇒ Регрутација и селекција на човечките ресурси 23

⇒ Индукција (воведување во работа) 27

⇒ Учење и развој на човечките ресурси 29

⇒Менторство 32

⇒Оценување на перформансите на човечките ресурси 36

⇒Мотивирање на вработените 43

⇒Развој и управување со кариерата 55

⇒Управување со стресот на работното место 60

Најчестите проблеми во управувањето човечките ресурси во мали земји или ограничен пазар на труд 69

Законска рамка која се однесува на менаџментот со човечки ресурси 79

Влијанието на технологијата во развојот на човечките ресурси 81

2020 година – невидени и непредвидени предизвици за управувањето со човечки ресурси 93

Завршни согледувања 100

Литература и референци 104

Вовед

Што претставува управувањето со човечки ресурси?

Денес, кога општествените предизвици се поинакви од било кога претходно во човековата историја, секој сегмент од социјалниот и општествениот живот се менува со темпо и во насока која ниедна научна дисциплина ја нема предвидено и опишано. Особено сега, во фокусот е здравјето и благосостојбата на поединецот, како средиште на општеството, нешто што во последните години со фокусирање на финансиските придобивки како да беше оставено настрана.

Терминот „човечки ресурси“ ги опишува луѓето кои ја сочинуваат работната сила во една индустрија, компанија или организација, но и најопшто држава или генерација.

Во деловниот свет, под терминот човечки ресурси најчесто се подразбира организационата единица во компанијата, која е одговорна за регрутирање, обука на вработени, развој на политики на и за работното место, администрирање на придобивките од вработените, мотивирање на вработените да останат во организацијата, но и правно регулирање на сите овие сегменти. Најопшто кажано, „човечки ресурси“ со други зборови значи создавање и негување на односите работодавач - вработен.

Кој ги претставува човечките ресурси? Човечки ресурс е личност (човек) вработен во организација или некој кој активно бара вработување на пазарот на трудот.

Вработените претставуваат незаменливи ресурси што ги унапредуваат целите на компанијата преку обезбедување работна сила. Човечките ресурси се однесуваат на сите вработени во една организација.

Управување со човечки ресурси е општ поим што го опишува развојот и управувањето со вработените во рамките на една организација, со цел да се зголеми нејзината ефикасност. Овој поим понекогаш се нарекува „управување со

персонал“ или „управување со талент“, а сето тоа се однесува на процесот на надзор над човечкиот капитал (вработените).

Управувањето со човечките ресурси е поврзано со разбирањето и дефинирањето на поимот „човечки капитал“. Овој поим најпрво е објаснет во макроекономските теории, а денес се употребува како универзален термин.

Човечкиот капитал претставува залиха на знаење, навики, социјални карактеристики и карактеристики на личноста (вклучително и креативност), претставени во можноста за вршење на работна активност, спроведена со цел да се произведе економска вредност. Или, поинаку кажано, човечкиот капитал се вештините и знаењата кои една индивидуа ги поседува и кои се очекува во иднина да ги претвори во финансиски капитал, преку финансиски надоместоци за својот труд, како плата, дивиденда од сопствен бизнис, раст на вредноста на својот бизнис или друга форма на финансиска компензација

Човечкиот капитал е единствен и видно се разликува од кој било друг вид на капитал. Неговото познавање и правилно менаџирање, сè повеќе станува вредност за компаниите. Специфичноста на овој тип на капитал се гледа во начинот на кој се стекнува, но и одржува. Компаниите можат да инвестираат во човечки капитал, на пример преку образование и обука, овозможувајќи подобрување на нивото на квалитет и производство.

Управувањето со човечки ресурси/капитал одамна го надмина стојалиштето дека претставува само обезбедување обука и информации на вработените. Денес надгледувањето на работната сила бара прилагодување и посветеност. Откако ќе бидат вработени, вработените треба да бидат обучени, компензирани, мотивирани, ангажирани, управувани, развиени и задржани.

Достигнувањето на оптималното ниво во искористувањето на вредностите, кои потенцијално ги поседува секој вработен, денес се третира како посебна дисциплина во менаџментот, особено во високоразвиените земји.

Во Македонија, за жал, делумно поради големината на пазарот, а со тоа и пазарот на трудот, делумно поради историски специфичните општествени односи,

делумно поради политичко-економските карактеристики на земјата, човечките ресурси се менаџираат на недоволно продуктивен начин. Така, на пример, во 2017 година Светската Банка објави истражување во коешто се вели дека индексот на човечкиот капитал (ИЧК) покажува дека дете родено во Македонија денес ќе достигне 53 проценти од својот потенцијален човечки капитал кога ќе порасне, во споредба со она што би можело да го достигне доколку има квалитетно образование и биде потполно здраво. Во Македонија ИЧК кај девојчињата е повисок отколку кај момчињата, односно изнесува 0,55 во споредба со 0,52 кај момчињата на скала од 0 до 1. Новиот индекс за човечкиот капитал, изготвен од страна на Светската банка, мери колку земјите губат од економската продуктивност поради недоволното вложување во своите луѓе.

Според ова истражување, индексот на човечкиот капитал на Македонија е понизок од просекот на регионот. Децата во Македонија додека наполнат 18 години се очекува да завршат 11,2 години од предучилишно, основно и средно образование. Меѓутоа, кога годините на школување ќе се прилагодат според квалитетот на наученото, тоа е еквивалентно на само 6,8 години, што значи дека има јаз во учењето од 4,4 години. Всушност, ИЧК укажува дека дете родено денес во Македонија, кога ќе порасне ќе биде продуктивно 53 проценти од она што би можело да биде ако имало целосно образование и било целосно здраво. Во врска со резултатите во здравството, извештајот покажува дека 99 од 100 деца родени во Македонија доживуваат 5-годишна возраст.

Она што се поставува како прашање е дали може со правилен менаџмент на човечките ресурси, особено во вакви времиња на предизвици, да се надминат овие потешкотии и да се оптимизираат овие резултати?

Истражувачите од Светската Банка, врз основа на претходни искуства, велат дека може. „Вредноста на индексот, особено вредноста на образовните показатели укажуваат на итно преземање мерки. Се чини дека досегашните реформи не го трансформирале образовниот систем доволно за да им помогне на мнозинството ученици да ги достигнат барем основните знаења“, вели Марко Мантованели, директор на канцеларијата на Светска банка во Македонија.

„Темелна анализа на податоците од Програмата на ОЕЦД за меѓународно оценување на учениците (ПИСА) е првиот чекор во ангажирање во сериозна дискусија за можните активности на јавните политики и реформи кои се навистина насочени кон подобрувањето на образовните исходи во Македонија. Важно е земјата и понатаму да учествува во меѓународните оценувања од поголем обем за следење на квалитетот на образовниот систем“.

Доказите покажуваат дека може да се постигне напредок. Во Полска беа донесени образовни реформи во периодот помеѓу 1990 и 2015 година и земјата забележа едно од најбрзите подобрувања на резултатите на ПИСА во земјите на ОЕЦД. Виетнам неодамна постигна подобар резултат од просечниот резултат на ПИСА во ОЕЦД.

Затоа, во овој труд ќе ги разгледаме фазите и техниките во управувањето со човечките ресурси, кои особено денес можат да значат вистинска вредност за една компанија, а преку неа и за економијата на една држава.

Историски развој или еволуција во управувањето со човечки ресурси

Иако управувањето со човечките ресурси се чини како нешто што би требало да се разгледува како развој на една посебна гранка од менаџментот, низ прегледот на овој развој, всушност, се гледа целата светска историја.

Она што денес модерната наука го нарекува „човечки капитал/ресурс“ низ историјата имало поинакви називи, а всушност се работи за истата општествено-економска, па и правна категорија. Така на пример, Карл Маркс во своето дело „Капиталот“, го употребува терминот „работна сила“.

Карл Маркс го воведува концептот и вели:

„Според работната сила или капацитетот за труд, треба да се разбере збирот на оние ментални и физички способности што постојат кај човекот, што тој ги практикува секогаш кога произведува употребна вредност на кој било опис.

Работната сила, сепак, станува реалност само со нејзино ставање во употреба, а тоа е само со работа. Но, со тоа се троши одредена количина човечки мускули, нерви, мозоци и сл. и тие бараат да бидат обновени.“[1]

Маркс своите дефиниции за работната сила ги темели врз Хегеловите елементи на филозофијата на правото помеѓу работната сила (Arbeitskraft) и трудот (Arbeit) и ѝ дава ново значење на оваа разлика. За Маркс, Arbeitskraft, кој понекогаш наместо тоа го нарекува Arbeitsvermögen („работна способност“ или „капацитет за работа“) се однесува на „сила на природата“: физичката способност на човекот и другите живи суштества да ја извршуваат работа, вклучително и ментален труд и вештини како рачна умешност, покрај чистиот физички напор. Работната сила е, во оваа смисла, и аспект на трудот што станува стока во капиталистичкото општество и се отуѓува од работниците кога се продава на капиталистите.

[1] К. Маркс, „Капиталот“, 1 том, поглавје 6

Теориите за работната сила на Маркс и Хегел пред него и потребата за нивното проучување произлегуваат од состојбата на работната сила, т.е. човечкиот капитал во минатото. Обајцата увиделе дека преку значителните промени во управувањето со човечкиот капитал, доаѓаат и најкрупните промени во општеството. Така, со преминот од „робовска сила“ во „закрепостени селани“ се менува и робовладетелското општество во феудализам, а подоцна со индустриската револуција и преминот од феудално општество во капитализам. Дури и Октомвриската револуција во 1917 година имала за цел да направи ваква крупна општествена промена, којашто се очекувало да го промени пазарот на трудот не само во Русија, туку во целиот свет.

Дури и во земјите кои денес важат за лидери во успешното управување со човечките ресурси и оптимизирање на вредноста на човечкиот капитал, поради историските промени и пред сè под влијание на идеите на француските просветители, се појавува идејата за врската помеѓу благосостојбата на работниците и нивната продуктивност. Така, во периодот од 1890 до 1920 година американските деловни лидери, потпомогнати од научници и политичари, го прифаќаат „индустриско подобрување“ и започнуваат со планови за стабилизирање на работната сила и поттикнување на лојалноста на вработените. За да се спроведат прикриени практики од тоа време, кои вклучуваат експлоатација на силата и дискриминација по различни основи, во компаниите, т.е. фабриките, се создаваат оддели наречени „индустриска благосостојба“ и „научен менаџмент“. Главната идеја тргнува оттаму дека работниците треба да се третираат како луѓе, а не како потрошни ресурси од страна на компанијата.

Управување со човечки ресурси од 1920-тите до 1950-тите

Стравот од прелевање на Октомвриската револуција на американскиот континент, образложено со просветлувањето дека работниците не се кукли на жица, туку луѓе со емоционални и психолошки потреби, доведува и до промени во САД. Во овој период „кадровските оддели“ и „развојот на работна сила“ ги

зголемуваат своите напори околу внатрешната обука и работата со синдикатите за постигнување на развој на поголеми пакети за компензација. „Човечки капитал“ стана синоним за знаење кое поединецот го отелотворува за да влијае на економскиот раст.

Овој период, на територијата на Македонија се дели на период пред и по Втората светска војна. Така, пред Втората светска војна во Македонија се гледаат зачетоци на развој на капитализам и продор на идеите од Француската револуција. Овој историски процес е прекинат со избувнувањето на Втората светска војна. По војната, согласно новиот социјалистички поредок, државата управува со работникот под влијание на Маркс и неговите теории за искористување на работната сила. Работникот на хартија го има централното место во општеството.

Управување со човечки ресурси од 1960-тите до 1980-тите

Во раните 60-ти, законодавниот дом на САД започна да се занимава со усвојување на подобри практики за вработување коишто би исклучиле дискриминација во процесот на регрутација, како што се Законот за еднаква плата од 1963 година и Законот за граѓански права од 1964 година, принудувајќи ги одделенијата за човечки ресурси да се фокусираат на прашањата за усогласеност. Во исто време, теориите за човечка мотивација, вклучувајќи ги Теоријата на двата фактори на Херцберг[2] и Теоријата за самоопределување на Деци и Рајан[3], започнаа да го трансформираат работното место. Организацискиот менаџмент и индустриската психологија придонесуваат човечките ресурси да посветат поголемо внимание на потребата на вработените за достигнување, унапредување и препознавање, со тоа што природата на самата работа да одговара со вештините и интересите на личноста што ја работи.

[2] Herzberg, Frederick; Mausner, Bernard; Snyderman, Barbara B. (1959). *The Motivation to Work* (2nd ed.). New York: John Wiley.

[3] Deci, E., & Ryan, R. (1991). A motivational approach to self: Integration in personality

Во Македонија, Уставот на Републиката, донесен во 1973 година, го воведува „работничкото самоуправување“, кое го истакнува водечкото место на работникот во производствениот, економскиот и политичкиот развој на земјата, но оваа промена, за жал, фактички не го оптимизира управувањето со човечките ресурси, туку напротив, ја намалува продуктивноста на компаниите, ги зголемува разликите помеѓу естаблишментот и работникот и таложи незадоволство кај сите граѓани.

Управување со човечки ресурси од 90-тите до 2010-тите

Во светот, улогата на човечки ресурси станува посложена од било кога. Во САД, работното место започна да се менува со еволуцијата на пазарот на трудот и зголемувањето на конкуренцијата помеѓу компаниите со појавата на нови, модерни компании и нивната подготвеност да обезбедат подобри услови за своите вработени, особено во ИТ индустријата. Новата технологија го насочува фокусот кон управување со персоналот и административните задачи, па денешните оддели за човечки ресурси во компаниите, барем оние коишто размислуваат напредно, ги трошат своите сили за ефикасно да управуваат со ангажманот на вработените и да ја зајакнат корпоративната култура и корпоративниот идентитет како потпора на овие процеси.

Низ деценииите, работната сила еволуира од трудово ориентирана, до насочена кон услугите, разбирањето на потребите, желбите и мотивациите на разновидна и мултигенераciска работна сила го насочува управувањето со човечките ресурси кон привлекување и задржување на високи перформанси, но со ова, битката за врвен талент се забрза. Конкурентното деловно опкружување и глобализацијата наложуваат иницијативите за промена на работната сила да се засноваат и да се интегрираат во деловните стратегии, давајќи им на повеќе лидери на човечки ресурси место во управувањето со компанијата.

Одговорностите за управување со човечки ресурси достигнуваат далеку над административната одговорност и одговорноста за усогласеност. Имајќи стратешко разбирање за деловната клима, компаниите се позиционираат кон регрутирање, вработување и задржување на најдобрите вработени, притоа додавајќи вредност на највисоките нивоа во организацијата.

Кадровска политика наспроти стратешко управување со човечки ресурси

По долгото водење дебати за тоа дали постои разлика помеѓу менаџментот со човечки ресурси и кадровскиот менаџмент, денеска менаџментот со човечките ресурси веќе комплетно го замени терминот кадров менаџмент.

Но, разбирањето на концептот менаџмент со човечки ресурси е зголемено со самото анализирање на разликите и на тоа како традиционалните приоди кон кадровскиот менаџмент еволуирале за да станат денешни практики на менаџмент со човечки ресурси.

Што е стратешко управување со човечки ресурси?

Стратешкото управување со човечки ресурси вклучува процес насочен кон развој и спроведување на човечки ресурси насочени кон иднината, кои се однесуваат и решаваат деловни проблеми и директно придонесуваат кон главните долгорочни деловни цели.

Управувањето со човечките ресурси драматично се промени во последните децении. Некогаш тоа беше административна функција насочена кон секојдневни одговорности, како што се регрутирање и избор на вработени и управување со придобивките од вработените. Промената на условите на пазарот на трудот и новото деловно размислување, бараат деловни стратегии за човечки ресурси кои вклучуваат регрутирање и задржување на вистинските луѓе, како и обезбедување етичко и културно лидерство.

Како што се менува концептот на менаџментот со човечки ресурси, така со текот на времето се менува и концептот за работно место, улогите и должината на работењето во една организација, што се должи на драматичните промени во економијата. Тоа може да се увиди од споредбата помеѓу старите и новите цели за и на работното место, споредбено приложени во табелата:

Стари цели за и на работно место	Нови цели за и на работното место
доживотна работа	лесна вработливост на ресурсите
детален, формален опис на работно место	препознавање и преземање на улогата што секој ја има во работниот процес
препознавање на капацитети	вреднување на способности
делегирани задачи	избрани проекти
заработување	исполнување на цели
фиксно работно време	флексибилна работа
хиерархиска поставеност	тимска работа
сигурност	слобода
опстанок	квалитетен живот
барање информации	селекција на информации
интелектуална интелигенција	емоционална интелигенција
Лнеарно размислување	циклично размислување
физичка продажба/трговија	електронска продажба/трговија
раст	развој
наредби и задачи	задолженија и одговорности
работа во строго определена област, дел, класа	вмрежување

Стратешкото планирање претставува голем предизвик, но и можност за професионалците кои работат со човечки ресурси. Скоро сите раководители на оддели за човечки ресурси во најголемите глобални компании се вклучени во стратешко донесување одлуки и учествуваат во стратешкиот тим на организацијата, а мнозинството професионалци за човечки ресурси велат дека стратешкото планирање е дел од нивната функција.

Зошто стратешко управување со човечите ресурси?

Стратешко управување со човечки ресурси претставува поврзаност помеѓу човечките ресурси на компанијата и нејзините стратегии и цели. Целта на стратешкото управување со човечки ресурси е да:

- промовира флексибилност, иновација и конкурентска предност.
- развива организациска култура што одговара на нејзините цели.
- ги подобрува деловните перформанси.

Со цел стратешкото управување со човечките ресурси да биде ефективно, човечките ресурси мора да играат витална улога како стратешки партнер кога се креираат и спроведуваат политиките на компанијата. Стратешкиот човечки ресурс може да се демонстрира низ различни активности, како што се: вработување, обука и наградување на вработените.

Стратешкиот човечки ресурс вклучува разгледување начини на коишто човечките ресурси можат да имаат директно влијание врз растот на компанијата. Одделението одговорно за човечки ресурси треба да усвои стратешки пристап кон развој и задржување на вработените за да ги исполни потребите на долгорочните планови на компанијата.

Прашањата за човечки ресурси можат да бидат тешка пречка за многу компании; постојат различни видови на различни компоненти што можат да ги збунат сопствениците на деловни процеси и да ги натераат да донесат неефикасни одлуки што го забавуваат работењето за нивните вработени, како и за нивниот бизнис.

Одделенијата за човечки ресурси исто така го насочија фокусот кон развој и имплементација на значајни решенија што влијаат на бизнисот на позитивен

начин. Како такви, многу компании имаат аутсорсинг на традиционални улоги во човечки ресурси, вклучувајќи регрутирање, платен список, решавање спорови, безбедност, па дури и канцелариски политики.

Процеси во стратешкото управување со човечки ресурси

⇒ Анализа и планирње на човечките ресурси

Колку е поблиску усогласувањето помеѓу човечките ресурси и целокупната деловна стратегија на една организација, толку е подобра способноста на компанијата да ги предвиди и да одговори на потребите на клиентите и да ја задржи конкурентската предност. Темелно истражување, планирање и развој, вклучително со познавање на културата на работна сила, однесување и способности, промовираат успешно извршување на деловната стратегија.

Посебни придобивки од стратешкото планирање за човечки ресурси го вклучуваат следново:

- Избегнување грешки што можат скапо да чинат и што влијаат негативно на постигнувањето на целите.
- Навремено решавање на клучните прашања за да се избегнат кризи.
- Промовирање на продуктивноста на вработените и целокупниот успех во организацијата.
- Обезбедување на насока која создава позитивно чувство и има влијание на тоа како се завршува работата.
- Одржување на вработените фокусирани на организациските цели.
- Обезбедување стратешки фокус за водење на иницијативи за обука и развој.
- Давање на алатки на менаџерите да помогнат во фокусирањето и спроведувањето на нивните стратешки иницијативи.
- Развивање на стратешки план за човечки ресурси

Улогата на човечките ресурси вклучува развој на план за иницијативи за човечки ресурси за постигнување и промовирање на однесувањето, културата и способностите потребни за постигнување на организациските цели.

Целите насочени кон резултатите општо го вклучуваат следново:

- Правилно проценување на потребите за персонал и вештини и ажурирање на обуката.
- Развивање и одржување на конкурентни плати и придобивки.
- Управување со перформансите и дизајнирање систем на награди што ги одржува вработените мотивирани.
- Знаење за тоа што прави конкуренцијата за да регрутира и да задржи талент.
- Обезбедување обука, вклучително и етика, што ги зајакнува корпоративните вредности.

Процесот на стратешко планирање започнува со четири критични прашања:

- Каде сме сега? (Проценка на моменталната состојба.)
- Каде сакаме да бидеме? (Визуелизација и артикулација на посакуваната иднина.)
- Како да стигнеме таму? (Формулирање и спроведување на стратегија и стратешки цели.)
- Како ќе знаеме дали сме на добар пат кон нашата дестинација? (Воспоставување механизам за проценка на напредокот.)

Ефикасна проценка на моменталната состојба

Да се биде стратешки деловен партнер значи извршување на човечки ресурсни активности, имајќи ги предвид долгорочните цели на организацијата. За да го направат ова, професионалците кои се занимаваат со човечки ресурси мора да го сторат следново:

1. Да разберерат како различните организациски компоненти комуницираат и да ги препознаат долгорочните импликации на одлуките за човечки ресурси. Влијанието на одлуките за човечки ресурси мора темелно да се истражи и анализира пред да се спроведат промените.
2. Да имаат темелни знаења во деловните процеси, вклучувајќи финансии, маркетинг, продажба, операции и ИТ. Овие вештини помагаат при

буџетирање и одржување на работна сила со правилна мешавина на вештини.

3. Да развијат аналитички вештини насочени кон прашањата „зошто?“, како и „на што?“. Ова може да значи трошење повеќе време на таканаречена тренерска работа (како што се: тренирање деловни лидери, планирање и спроведување на човечки ресурси, што практично ја извршуваат стратегијата и помагање на тимовите да управуваат со промените), отколку на оперативна работа (како што се: регрутирање, обука, информациони системи за човечки ресурси и други традиционални функции на човечки ресурси).
4. Да спроведат таканаречена SWOT - анализа на нивните организации. SWOT - пристапот нуди појасна слика за клиентите, пазарите и конкурентите.[4]

Особено за одделите за човечки ресурси, меѓусекторското стратешко планирање може да биде добар начин да се започне процесот на функционално усогласување. Како и да е, без оглед на тоа дали стратешкото планирање започнува во одделот за човечки ресурси или во друг оддел, или пак се управува од широк обем на организација, активностите на одделот за човечки ресурси ќе биде составен дел од успехот на стратешкиот план. Така, професионалците со човечки ресурси мора да водат сметка да ја усогласат функцијата за човечки ресурси со секој аспект на стратешкиот план, дури и доколку стратешкиот план не ги опфаќа експлицитно прашањата за човечки ресурси.

Усогласувањето на стратешките цели на сите сектори е од суштинско значење за ефективно работење, профитабилност и усогласување на стратегиите за работна сила со деловните цели.

Процесот на усогласување со човечки ресурси честопати е воден од прашања поврзани со составот на работната сила. Иако посебниот стратешки план на секоја организација е единствен, демографијата и другите карактеристики

[4] SWOT - анализа претставува анализа на предностите (Strengths), слабостите (Weaknesses), можностите (Opportunities) и заканите (Threats)

на достапната работна сила имаат главно влијание врз начинот на екипирање на бизнисот. За возврат, начинот на екипирање на организациите има значително влијание врз извршувањето на стратегијата на организацијата.

Професионалците треба да следат и соодветно да одговараат на факторите што можат да влијаат на составот на работната сила, вклучувајќи го следново:

Возраст

Возраста на постојните вработени, возраста на расположливата работна сила и моделите на пензија за постарите работници и за влезот на помладите работници, можат значително да влијаат на достапноста на работната сила.

Моментална економска позиција

Стапките на невработеност, природните катастрофи и политичките промени исто така можат да имаат влијание врз достапноста на работниците.

Глобализација

Еден аспект на глобализацијата, што ќе влијае на скоро сите организации, е зголемената разновидност на работната сила. Друг аспект на глобализацијата е економскиот поттик за аутсорсинг на трудот и производствените активности таму каде што се пониски таквите трошоци. Трет и сроден аспект е имиграцијата, легална и илегална, во САД и во странство.

Како се спроведува SWOT - анализа

Разбирањето на моменталната состојба може да се подобри со спроведување на SWOT - анализа. Оваа анализа вклучува внатрешна проценка на можностите и ограничувањата на организацијата, како и надворешно скенирање на животната средина за преглед на нејзините клиенти, пазари и конкуренти и предвидување на надворешни можности и закани.

Главните области што треба да се разгледаат при екстерно скенирање, вклучуваат економски, демографски, политички, социјални и технолошки

трендови. Анализа на клиенти, пазари и конкуренти се користи за да се утврди како се менува пазарот, да се предвиди кои ќе бидат идните клиенти и да се анализираат конкурентите на пазарот.

При спроведување на анализа на клиент/пазар/конкурент, професионалците, кои се задолжени за човечки ресурси, треба да одговорат на следниве прашања:

- Во која деловна активност сме?
- Што се случува во светот во кој работиме?
- Во која деловна активност треба да се занимаваме?
- Кои се нашите ресурси?
- Кои се нашите основни компетенции?
- Кои се нашите конкуренти?
- Како ќе се натпреваруваме?

Визуелизација и артикулација на посакувана иднина

Кога тимот за стратешко планирање на човечки ресурси целосно ќе ја процени моменталната состојба, треба да размисли како би изгледала идеалната иднина од организациска перспектива.

Прашањето „Каде сакаме да бидеме?“ може да се одговори и јасно да се артикулира со креирање на изјави за визија, мисија и вредности. Изјавата за визија дава опис на она што организацијата сака да стане или се надева дека ќе го постигне во иднина. Ефективната изјава за визија претставува ментална слика за претпочитаната иднина на организацијата, која е инспиративна, аспиративна, привлечна и концизна.

Изјава за вредности опишува во што верува организацијата и како ќе се однесува. Оваа изјава може да послужи како морален компас на организацијата и треба да се користи за насочување на донесувањето одлуки и проценка на преземените активности.

Развивање на стратешки цели на човечки ресурси

Поставувањето стратешки цели е важен дел од процесот на стратешко планирање. Затоа, овие цели мора да бидат усогласени со мисијата, визијата и целокупната стратегија на организацијата. Стратешките цели ќе варираат од организација до организација.

За да се идентификува дали стратешките цели имаат солидна основа за успех, одделот задолжен за човечки ресурси треба да ги разгледа следниве прашања:

1. Дали се наведени и образложени придобивките од утврдувањето на дефинираните цели?
2. Дали стратешките цели се релевантни за позицијата на организацијата на надворешниот пазар? На пример, дали се земени предвид позициите на конкурентот, големината на организацијата и финансиската моќ?
3. Дали стратешките цели ги препознаваат силните и слабите страни на организацијата?
4. Дали вработените низ компанијата разбираат како влијаат овие цели врз нив и како тие независно и колективно придонесуваат кон дефинираните цели?
5. Дали стратешките цели се реални и изводливи? Нереалните цели обично резултираат во разочарување за сите инволвирани.
6. Дали се утврдени временските рамки за напредокот за одредување на напредокот и целите за завршените цели?
7. Дали организацијата реално ќе може да го идентификува успехот или недостатокот на успех во исполнувањето на стратешките цели на некој квантитативен начин?
8. Дали стратешките цели можат да бидат поврзани со целокупната стратегија на организацијата?

Како пример, компанијата АБЦ може да идентификува во својата анализа на стратешко планирање потреба за подобрување на процесот на стекнување таленти. Стратешката цел за решавање на ова прашање е да се дизајнираат критериуми за избор, за да се обезбеди најсоодветно вработување, а истовремено да се намалат работните места за пополнување.

Откако ќе се идентификува клучна иницијатива, организацијата треба да го стори следново:

- Постојано грижете се дека целта и акциониот план се усогласени со организациската и стратегијата за човечки ресурси.
- Идентификувајте ги примарните активности потребни за постигнување на целта.
- Поставете пресвртници за секоја акција и планирајте непредвидени ситуации.
- Идентификувајте ги потребните ресурси, вклучително и буџетот и вработените.
- Воспоставете мерки за успех.
- Комуницирајте клучни пораки.

На крајот на краиштата, стратешката цел е добра исто како и целокупниот стратешки план.

На овој чекор од процесот на стратешко планирање, фокусот е на специфицирање на краткорочни одговори на прашањето „Како да стигнеме таму?“. Треба да се утврдат специфични, конкретни краткорочни цели коишто можат да бидат завршени во рок од шест месеци до една година за да се одговори на ова прашање.

Иако многу организации се занимаваат со стратешко планирање, многу малку од нив веруваат дека се многу успешни во извршувањето на стратегијата. Според истражувањето на Американското здружение за управување и Институтот за човечки ресурси, само 3 проценти од анкетираните директори изјавиле дека

нивните организации се многу успешни во спроведувањето на стратегијата на компанијата, додека 62 проценти изјавиле дека нивните организации се умерено успешни. Сепак, компаниите кои пријавиле релативно висок успех во извршувањето на стратегијата, најверојатно реализирале поволен раст на приходите, удел на пазарот, профитабилност и задоволство на клиентите.

Иако секоја организација има свои предизвици за извршување на стратегијата, оваа студија откри дека совладувањето на следниве области е од суштинско значење за успешно спроведување на стратешките планови:

- Јасност на комуникацијата
- Усогласување на практиките
- Лидерство
- Прилагодлива организациска инфраструктура
- Менаџирање со ресурси

Единствената најголема бариера за извршување на стратегијата е недостатокот на соодветни ресурси, се вели во студијата.

Следење и проценка

Последниот чекор треба да биде воспоставување механизам за следење и проценка на напредокот кон постигнување на стратешките цели. Повеќето организации вршат годишни или квартални стратешки прегледи за оваа намена. Овие прегледи го прават следново:

- Оценка дали организацијата е на пат да ги постигне клучните цели.
- Овозможување на идентификација и прилагодување на значајните внатрешни или надворешни промени што влијаат на стратешкиот план.
- Ажурирање на приоритетите на годишниот план.

Некои организации може да откријат дека системите или алатките, како што се: избалансирани табели за оценување, одредување на одредници и контролни табли, се корисни за одржување на фокусот и следењето на резултатите.

⇒ Регрутација и селекција на човечките ресурси

Регрутацијата е процес на идентификување, проверка, правење потесен избор и ангажирање на потенцијални ресурси за пополнување на испразнетите позиции во една организација. Тоа е основна функција на менаџментот со човечките ресурси.

Регрутацијата се однесува и на процесот на привлекување, избор и назначување на потенцијални кандидати за исполнување на барањата за ресурси на организацијата.

Ангажирањето на кандидатите може да се изврши внатрешно, односно во рамките на организацијата или од надворешни извори. Процесот треба да се изврши во определена временска рамка.

Регрутацијата е една од најосновните активности на тимот за човечки ресурси. Доколку процесот на вработување е ефикасен, се обезбедува:

- Организацијата добива посреќни и попродуктивни вработени;
- Се креира добра околина на работното место со добри односи со вработените;
- Сето тоа резултира во целосен раст на организацијата.

Регрутрацијата е процес во кој се бараат идните вработени, а постоечките се охрабруваат да аплицираат за работни места во организацијата.

Ова е само еден чекор во процесот на вработување, но тоа е долг процес кој вклучува низа задачи, почнувајќи со анализа на работните барања и завршувајќи со назначување на работникот. Специфичните задачи, опфатени во процесот на регрутирање, вклучуваат:

- Анализирање на барањата за работа;
- Подготовка на барањата од кандидатите;

- Привлекување на што поголем број на кандидати да аплицираат за работното место;
- Разгледување на апликациите и правење на листа на кандидати во потесен избор.

Активностите за регрутација обично ги вршат вработените во одделот за човечки ресурси, внатрешно во самата компанија или надворешно со регрутација на кандидати кои не се вработени во компанијата. Внатрешни извори на вработување се: унапредување, трансфери, вратени вработени, контакти или препораки, поранешни вработени, пензионери, итн. Надворешни извори на регрутирање се регрутирање преку рекламирање, регрутирање уште од универзитетите, вработување преку размена на вработени, регрутирање од трети страни, регрутирање преку Интернет, апликанти од минати огласи итн.

Во процесот на регрутација во денешно време се одвиваат и најголемите и најбитните промени во менаџментот со човечките ресурси, благодарение на напредокот на технологијата и експанзијата на социјалните мрежи. Во последните години сведоци сме на сè поголема активност на регрутација преку сите социјални мрежи, којашто не се одвива само локално, туку го отвара процесот на регрутација на едно наднационално ниво. Како вистинска алатка во овој процес се издвојува социјалната мрежа Линкдин.

Линкдин е американска онлајн социјална платформа, која работи преку веб-страници и мобилни апликации. Лансирана на 5 мај 2003 година, а се користи главно за професионално вмрежување, вклучително и работодавци кои објавуваат работни места и оние што бараат работа и објавуваат свои биографии.

Од 2015 година, најголемиот дел од приходите на компанијата беа од продажба на пристап до информации за нејзините членови на работодавци и професионалци за продажба.

Од декември 2016 година, таа е подружница на Мајкрософт во негова целосна сопственост. Заклучно со мај 2020 година, Линкдин имаше 706 милиони регистрирани членови во 150 земји.

Мрежата има алатки кои овозможуваат барателите на работа и барателите на ресурси од целиот свет да се спојат и да се видат едни со други. Мрежата е бесплатна за сите, но со надомест нуди и специјализирано, премиум членство, кое овозможува полесно и подетално искористување на можностите на пазарот на трудот.

Линкдин им овозможува на членовите (и работниците и работодавците) да создаваат профили и „врски“ едни со други во мрежна социјална мрежа, што може да претставува професионален однос во реалниот свет. Членовите можат да поканат секого (без разлика дали е постоен член или не) да стане „врска“.

Основната функционалност на Линкдин им овозможува на корисниците да креираат профили, кои за вработените обично се состојат од биографија која го опишува нивното работно искуство, образование и обука, вештини и лична фотографија. Работодавците можат да наведат работни места и да бараат потенцијални кандидати. Корисниците можат да најдат работни места, луѓе и деловни можности препорачани од некој во нечија мрежна контакт листа. Корисниците можат да сочуваат работни места за кои би сакале да аплицираат. Корисниците имаат можност и да следат различни компании.

Оваа мрежа им овозможува на членовите да се вмрежуваат, што може да претставува професионален однос во реалниот свет. Членовите можат да поканат секого да стане врска. Корисниците можат да добијат вовед во врските на врските (наречени врски од втор степен) и врските на врските од втор степен (наречени врски од трет степен).

Списокот на врски на член може да се користи на повеќе начини. На пример, корисниците можат да бараат врски од втор степен кои работат во компанија за која се заинтересирани, а потоа да побараат заедничка конкретна врска од прв степен за вовед. „Пристапот со затворен пристап“ (кога контактот со кој било професионалец бара или постоечка врска или интервенција на нивен контакт) има цел да создаде доверба кај корисниците на услугата.

Корисниците можат да комуницираат едни со други на различни начини:

Врските можат да комуницираат со избор на „лајк“ на објавите и „честитки“ на другите за ажурирања како родендени, годишнини и нови позиции, како и преку директни пораки. Корисниците можат да споделуваат видео со текст и филтри со воведување на линкдин-видео. Исто така, можат да пишуваат објави и написи во рамките на платформата Линкдин за да споделуваат со нивната мрежа.

Оваа мрежа претставува вистинска револуција во делот на регрутација на човечки ресурси и со нејзината појава се промени пазарот на труд засекогаш.

По процесот на регрутација, следи процесот на селекција.

Селекцијата е активност во која организацијата избира определен број на кандидати од голем број апликанти. Тоа вклучува вистинско назначување на работникот за пополнување на работните места во компанијата. Терминот селекција значи поставување на вистинскиот човек на вистинското работно место. Иако многу луѓе аплицираат за единствено работно место, во моментот на селекција, регрутерите треба да одлучат кој кандидат одговара најдобро за работата.

Селекцијата вклучува збир на активности кои се дадени како што следува:

- Скрининг
- Елиминација на несоодветни кандидати
- Спроведување на тест за способност, тест за интелигенција, тест за изведба, тест за личност, итн.
- Интервју
- Проверка на референците
- Медицински тест, доколку тоа е потребно
- Одлука и понуда за работа.

Процесот на селекција е долготраен бидејќи менаџерите за човечки ресурси треба да ја идентификуваат подобноста на секој кандидат за работата. Покрај ова, образовната квалификација, потеклото, возраста, итн. се исто така

едни од најважните фактори на кои треба да посвети поголемо внимание. По ова, писменото испитување и интервју е исто така многу тешка задача.

Процесот на регрутација и селекција е многу специфичен процес и неговите потпроцеси во голема мерка се определени од повеќе фактори, како што се: индустриската гранка на компанијата која вработува, степенот на образование што е потребен за секое работно место, достапноста на специфичниот кадар на пазарот на труд и слично.

⇒ Индукција (воведување во работа)

Во Теоријата за управување со човечките ресурси, индукцијата на вработените се опишува како процес преку кој новите вработени учат и се прилагодуваат на нормите и очекувањата на организацијата за брзо достигнување на максимална продуктивност.

Ефективните индукции се навремени, организирани и привлечни и даваат добар прв впечаток за компанијата. Тие ги инспирираат новите почетници, утврдуваат мисија и визија на организацијата за нив и ги едуцираат за историјата, културата и вредностите на компанијата. Тие исто така ги учат на техничките вештини што им се потребни и им даваат вредни информации како што е „кој е кој“ во бизнисот.

Ако се направи добро, процесот на индукција ќе му овозможи на новиот почетник да ги постави темелите за важни односи во рамките на неговиот тим и низ поширокатa организација и да му даде најдобар можен почеток во организацијата.

Спротивно на тоа, лошата програма за индукција може да биде контрапродуктивна и да делува „застрашувачки“. Најчестите поплаки што ги даваат новите почетници се дека се презаситени, здодевни или оставени да „потонат или пливаат“. Ова може да остави чувство на збунетост и да ги направи помалку продуктивни. Ако некој нов почетник се исклучи, може да биде многу

тешко повторно да го/ја ангажирате. Тој/таа наскоро ќе замине и ќе мора повторно да го започнете процесот на вработување.

Зошто се важни индукциите?

Процесот на вработување може да одземе многу време и да чини многу; затоа организациите сакаат новите вработени да придонесат во бизнисот што е можно поскоро. Во бизнисите со брз раст, ова може критички да влијае на тоа дали бизнисот го исполнува својот потенцијал или не. Ефективна програма за индукција, или недостаток на истата, може да направи разлика помеѓу новиот вработен успешно да се интегрира, или пак, да замине многу брзо.

Истражувањата покажуваат дека ова може да влијае на ангажманот, прометот на вработените и нивото на отсуство од работа и брендот на работодавачот. Кога кандидатот прифаќа работа, можеби ќе мора да извести неколку недели однапред за неговата сегашна улога. Затоа е важно неговиот потенцијален менаџер да одржува контакт со него и да го одржува ангажиран во меѓувреме.

Постојат неколку важни прашања што треба да ги поставите кога дизајнирате програма за индукција. Овие вклучуваат:

Во делот на индукцијата, за вработените во одделот на човечки ресурси е важно да се прилагоди пристапот на работавачот во зависност од новиот вработен и важно е програмата да е соодветна на целта.

Формалност

Во овој дел од процесот битно е да се прилагоди формалноста на процесот на индукција и да се оцени дали е поефикасно да се извршуваат групни сесии, на пример, во поголема организација.

Прв впечаток

Што треба да знаат новите почетници за работната средина?

Во овој дел треба на новите вработени да им се претстават и да се запознаат со политиките и процедурите на работната организација, но и да се запознаат со новите колеги со кои ќе работат.

Опрема/алат/специјални упатства

Треба да се обезбеди потребната опрема, работно место – површина, биро, да се достават специјални упатства, доколку такви има, како и да се запознае вработениот со работниот процес.

Работно време и корпоративна култура

Во процесот на индукција, важно е на новиот вработен да му биде претставена корпоративната култура на јасен и пријателски начин, така што ќе може да ја почувствува како своја што поскоро.

⇒ Учење и развој на човечките ресурси

Овој процес или сегмент од стратешкото управување со човечки ресурси може да се нарекува „Обука и развој“ или „Учење и развој“. Сепак, во неговата основа е идејата дека компаниите треба да ги опремат своите вработени со постојана едукација на работното место за да останат конкурентни.

Обуката не треба да се меша со развојот.

Обуката вклучува промена во односот, вештините или знаењето на работникот за неговите задачи. Спротивно на тоа, развојот е генерално постратешки по природа. Главната разлика помеѓу обуката и развојот е дека додека обуката често се фокусира на тековните потреби на вработените, воведување на технички или законски новости, или едноставно стекнување на нови вештини, развојот се однесува на подготвување на луѓето за идните задачи и одговорности.

Низ обуките, коишто вработениот ги посетува, можат да се видат вештини кои го отсликуваат патувањето на вработените, од потенцијален регрут до член на персонал до унапредување, развој на вештини и на крајот заминување преку конкурентно вработување или пензија. Бидејќи работното опкружување созревало низ 20-тиот и 21-от век, МЧР еволуирал паралелно, развивајќи практики и вештини насочени кон помагање на вработените и работодавците да ја зголемат вредноста, идеално за заемна корист.

Обуката е користење на систематски и планирани инструкции и активности за стекнување и промовирање нови знаења.

Во себе вклучува употреба на формални процеси за да го инкорпорира знаењето и да им помогне на луѓето да се стекнат со вештини коишто им се потребни за да ја работат својата работа задоволително. Обуката има комплементарна улога во забрзувањето на учењето и треба да биде систематска, специфично дизајнирана, планирана и соодветно спроведена за да ги задоволи дефинираните потреби.

Обуката се користи и за нововработените и за лица кои веќе работат и ги поседуваат вештините кои им се потребни за извршување на работата. Денес на неа се гледа како на додатен вид образование, чии две главни цели се подучување на вработените и подобрување на организацискиот учинок. Обуката воедно има сè позначајна улога во спроведувањето на стратешките планови на организацијата, т.е. утврдувањето на стратешките цели, како и вештините и знаењето кои се потребни за остварување на истите. Обуката исто така има клучна улога и во управувањето со работната ефективност на вработените.

Во суштина, управувањето со работната ефективност подразбира систематски приод кон обуката, оценувањето и наградувањето на вработените, така што нивната работа ги задоволува потребите и целите на организацијата.

Програмата за обуки и стручно усовршување на вработените може да се подели на пет чекори:

• Анализа на потребите

- Утврдување кои се посебните вештини потребни за подобрување на учинокот и продуктивноста. Потребата за обука се утврдува на индивидуално ниво за секој вработен. За таа цел вработените подготвуваат преглед на своите потреби за обука или план за личен развој;

- Грижа програмата за обука да биде прилагодена на нивото на образование, искуство и вештини на вработените за кои е наменета;

- Поставување цели на обуката.

• План на подучување

- Наведување на целите, методите, средствата, описот и редоследот на темите, примерите и вежбите за обука;

- Грижа дека сите материјали за обуката се напишани јасно, дека се дополнуваат и дека материјалите одговараат на целите на обуката;

- Резултат на ова е прирачник за обука кој може да содржи опис на работното место на кое работи одредено лице, приказ на програмата на обуката, опис на она што се очекува да се научи и неколку кратки тестови за самостојно тестирање.

• Потврдување на важноста на обуката

- Претставување и проверка на програмата на обука пред репрезентативен аудиториум. Конечните поправки се базираат на резултатите на пробниот тест за да се осигури учинокот на програмата.

• Спроведување на обуката

- Ако е возможно, спроведување работилница за обука на обучувачи која нема да се концентрира само на содржината на обуката, туку и на вештините за презентации, а потоа спроведување на програмата за обука.

• Процена

- Проценка како реагираат, што научиле, како се однесуваат и/или какви резултати остваруваат обучените вработените по обуката.

⇒Менторство

Менторство е процес на користење специјално избрани и обучени лица за да обезбедат водство, прагматични совети и континуирана поддршка, која ќе му помогне на лицето или на лицата, алоцирани на нив, да учат и да се развиваат. Според Клатербек[5], менторството е дефинирано како „офлајн (неофицијална) помош од една личност на друга во правењето значајни трансфери во знаењето, работата и размислувањето“, т.е. менторите ги подготвуваат лицата да работат подобро во иднина и ги подготвуваат за поголеми и побитни работи како напредок во кариерата (Армстронг, 2006).

Менторството може да биде дефинирано како метод со кој им се помага на луѓето да учат, а менторот е лице кое е различно од лицето кое дава инструкции, кој е релативно директно средство за зголемување на компетентноста на луѓето. Во себе содржи учење на работното место кое е најдобриот начин за здобивање на конкретните вештини и знаење кои му се потребни на оној кој ќе работи на тоа работно место. Менторството исто така е дел од формалните обуки со тоа што нуди индивидуално водство и совети од искусни вработени кои ги познаваат работите во организацијата.

Менторите ги снабдуваат луѓето со:

• Совети во составувањето програми за саморазвој;

• Општа помош со програмите за учење;

• Советување за тоа како да се здобие одредено лице со потребните знаења и вештини за да може тоа лице да ја работи новата работа;

[5] Clutterbuck, D. (2014). Everyone needs a mentor. 5th edition. CIPD, London.

• Совети за тоа како да се справат со административните, техничките или меѓучовечките проблеми со кои се среќаваат дел од лицата во раниот период од кариерата;

• Информации за тоа како се „прават“ работите во организацијата - корпоративната култура и нејзината манифестација во форма на вредностите и организациско однесување (менаџерски стилови);

• Обучување за специфични вештини;

• Помош за проблематични проекти - не со тоа што менторот би им го сработил, туку со тоа што ќе ги насочат во вистинскиот правец, помагајќи им на луѓето да си помогнат себеси;

• Родителска фигура со која лицата можат да поразговараат за своите аспирации и грижи и на кого можат да се потпрат за совет.

Не постојат стандардни процедури за менторство, иако е многу битно да се изберат ментори кои ќе го прифатат вистинскиот поддржувачки стил на помош за оние кои им е потребна истата. Тие воедно мора внимателно да бидат обучени и насочени, информирани за нивната улога како ментори и она што се очекува од нив.

Видови на менторство


Во современите модели на менторирање (често опишано како развојно менторство) акцентот е ставен за менторирањата кои наоѓаат свои решенија за предизвиците, наместо директно давање совети од страна на менторот. Давањето поддршка на овој начин е поефективно на долг рок кога менторираниот развива вештини за решавање на проблеми кои помагаат при идната самостојност. Како такво, менторството е развојна активност со фокус на зајакнување и овозможување на луѓето да прават работи за самите. Процесот се однесува на заедничко учење и помагање на некого да се подобри, да носи одлуки и да носи мудри одлуки, како резултат на подлабока самосвест (Clutterbuck, 2014).

Можно е да се разгледа целиот спектар на менторство преку две димензии со модел на „помагање за учење“ што е едноставен, а сепак

инклузивен. Првата димензија нуди спектар на менторски однос од директива до недиректива, а другата димензија е спектар на индивидуална потреба од растегнување до негување. Во рамките на овие две димензии, може да се идентификуваат четири стилови „помагање да се научи“:

- Тренинг,
- советување,
- вмрежување и
- водење.

Менторството се базира на овие четири стилови (Клитербак, 2014). Ефективното менторство повлекува дека менторот се движи по двете димензии, во која било насока, како одговор на нивното набудување на потребите на ученикот во тоа време. Тој / таа може да користи предизвикувачкото однесување на тренингот на истегнување во еден момент и емпатичното слушање на советување во друга временска точка.



Слика 1: Движење и затапеност на стиловите на менторство адаптирано за развој



Слика 2: Движење и затапеност на стиловите на менторство адаптирано за спонзорирано менторство

⇒Оценување на перформансите на човечките ресурси

Со цел да се постигнат посакуваните резултати и да се остварат и личните цели на вработените и целите на компанијата/организацијата, потребно е да се изврши мерење и оценка на перформансите на вработените.

Мерење на реализацијата на целите

Мерењето на реализацијата на целите е основа за обезбедување повратна информација, идентификува каде работите одат добро, создавајќи основа за натамошно подобрување и дава индикации каде работите не одат толку

добро и е потребна корективна акција. Мерењето на целите е релативно лесно за оние кои се одговорни за остварување на квантифицирани цели, на пример продажба (продавање на конкретен број продукти за конкретен временски период, на пример, еден месец). Потешко е во ситуацијата со висококвалификувани работници, т.е. интелектуална работа, на пример научници. Но, оваа тешкотија се намалува ако се направи разграничување меѓу производ и резултати. Производите можат да се мерат квантитативно, додека резултатите се видливите ефекти од направените напори, но не е неопходно дека може да се измерат квантитативно. Некогаш е тешко да се мерат производите, но сите работи продуцираат резултати, дури и кога тие не може да бидат квантифицирани.

Затоа честопати е неопходно да се мери учинокот со односот на резулатите кои биле постигнати во споредба со очекуваните, а можат да се изразат во квалитет, во смисла на стандард кој треба да се постигне. Затоа е важно кога се договараат целите и да се одговори на прашањето: Како ќе знаеме дека целта е остварена? Одговорот треба да биде изразен во форма „бидејќи 'тоа и тоа' треба да се случи". А „тоа и тоа" треба да се дефинира, на пример, како резултати во форма на остварување или надминување на квантитативните цели, комплетирање проект или задача на задоволително ниво (задоволително исто така треба да се дефинира) или резултати во смисла на остварување на договорен стандард на учинок или испорака на договорено ниво на услуга.

Како и да е, кога се оценува учинокот, неопходно е да се имаат предвид и влезните елементи, како нивото на знаење и вештини и однесување кои треба да бидат соодветни со стандардите.

Однесувањето не може да се мери квантитативно, но може да се оцени во однос на зададени дефиниции за тоа што се подразбира под добро однесување, а што не. Оценката на учинокот треба да биде добро документирана и поткрепена со факти и аргументи. За таа цел се користат различни обрасци кои се дизајнираат во согласност со потребите на секоја организација и аспектите на работата кои треба да бидат нагласени во организацијата.

Во системот на оценување, задачите и целите кои се поставени на почетокот на периодот служат како основа за состанокот за оценка, којшто се одржува на крајот на секој период. Периодот може да варира, но најчесто е од околу 6 до 9 месеци по одржувањето на состанокот за поставување на целите. За време на состанокот за оценување, менаџерот ја презема одговорноста за да ги насочи вработените да ја преземат својата одговорност која се однесува на успесите и проблемите во работењето. Ова значи дека надлежниот мора да биде способен да ја води дискусијата за оценка. Главната цел на состанокот е да се дојде до заедничко согледување на предностите и негативностите при постигнувањето на целите. Колку подобро се поставени целите на претходниот состанок, толку полесно ќе се постигне ова. Луѓето треба да бидат убедени дека подобрувањето на изведувањето на задачите при достигнувањето на критериумот лежи во способноста и можностите на членовите на персоналот. Ова бара софистицираност во поседувањето основни комуникативни вештини, како што е активното слушање, употреба на прашања со цел да се добијат информации, читање невербални знаци, ефективна повратна информација итн.

Утврдување на позитивните работи кај целите и задачите
Подигнување на свеста за проблемите кај задачите
Помош да се решат „лесните" проблеми
Помош да се решат „тешките" проблеми
Поврзување на амбициите на персоналот со задачите
Нови договори за задачи и цели

Слика 3: Тек на состанок за оценка на целите и задачите

Успешниот состанок за оценување ги води членовите на персоналот низ процес илустриран на сликата 3. Многу е важно да се утврдат позитивните работи при исполнувањето на задачите и целите (што сè се постигнало и што одело според планот). Потоа, нивото на свесност треба да се подигне од аспект на задачата која не се извршила добро и целите кои не се постигнале. Понекогаш вмешаните страни не се согласуваат дури ни за тоа кои аспекти од задачата добро се спровеле. Ова главно е случај онаму каде не биле јасно одредени задачите и целите. Во ситуација како оваа, секоја од страните си дава слобода да ги толкува задачите и целите на различни начини. Колку се поконкретни согласувањата околу задачите и целите, толку полесно ќе се подигне свесноста за проблематичните области. По сето ова, можат да се преземат чекори за да се анализира и реши проблемот поодделно. Најефективно е да се почне со „лесните" проблеми и тие први да се решат за да се создаде атмосфера на „победа". Посложените проблеми може да се остават за подоцна во текот на процесот. „Лесни" проблеми се оние кои ги вклучуваат основните аспекти на задачата и ситуацијата при работењето, додека „тешки" области се главно оние кои вклучуваат промени во однесувањето и ставот на самите личности. Потребните промени кои се однесуваат на личните карактеристики, како што се: флексибилност, прилагодливост итн. честопати се вознемирувачки за личноста. Таквите прашања најдобро можат да се дискутираат откако поголем број проблеми се успешно решени, со што веќе се изградила доверба. На крајот, многу е важно да се дојде до заедничко согласување за практичните чекори кои мора веднаш да се преземат. Потоа време е да се разговара за нови предизвици, односно дали има некои посебни желби во врска со задачите, кои според истиот би довеле до можноста потенцијалот на членовите да се искористи во целост. Кога овие желби ќе бидат остварливи во полето на задачата на организацијата/одделот, ќе можат да бидат вклучени во новите договори за задачи и цели кои ќе се извршуваат до следниот состанок за оценка.

360 Степени повратна информација

360 степени повратна информација е релативно нов пристап на менаџментот на учинокот за која интересот постојано расте. Вард (Ward, 1995) тоа го дефинира како: „Систематско прибирање податоци и повратна информација за учинокот на поединец или група од низа чинители“. Податоците можат да се добијат од претпоставениот, од соработниците (членовите на тимот или колегите од други делови на организацијата), од внатрешните и од надворешните клиенти. Во системот може да се вгради и самооценка.

Оваа методологија обично обезбедува податоци од прашалници кои од различни аспекти го мерат однесувањето во однос на списокот на компетенции. Списокот на компетенции се развива во организацијата и може да вклучува: водство, тимска работа, комуникација, организациски вештини, прилагодливост, продуктивност итн. Оценки се даваат од оние кои ја даваат повратната информација, наспроти однапред дефинирана скала за секоја од компетенциите. Оценките може да се однесуваат и на важноста на соодветната компетенција и на учинокот во однос на истата. На пример, важноста на одредена компетентност може да се рангира на скала од 1 (неважна) до 6 (суштинска), а учинокот во однос на таа компетенција да биде рангиран на скала од 1 (слабо) до 6 (извонредно). Прибраните прашалници со оценките се процесираат и сумираат и се презентираат најдобро во графичка форма. Повратната информација му се дава на вработениот и/или на неговиот менаџер. Повратната информација може да биде анонимна што зависи од организациската култура.

Справување со оние кои потфрлиле

Подобрувањето на учинокот е основниот дел од континуираниот процес на менаџментот на учинокот. Целта е да се максимизира добриот учинок, но и да се преземат чекори за справување со оние кои потфрлиле. Кога се менаџира потфрлањето, треба да се знае дека тоа се однесува всушност на „аплаудирање на успесите и простување на грешките“ (Хенди 1989). Хенди сугерира дека грешките треба да се искористат како можности за учење, „нешто што е возможно

само доколку грешката е вистински простена, бидејќи поинаку лекцијата се доживува како укор, а не како понуда за помош“.

Кога се справуваме со оние кои потрфлаат, исто така треба да се земат предвид коментарите на Ришер (2003) - „Лошиот учинок е најдобро да се гледа како проблем во кој удел имаат и вработениот и неговиот менаџер. Всушност, може да се дебатира дека немало да дојде до тоа доколку луѓето биле ефективно раководени“. Ова е само уште една потврда на старата изрека: „Нема лоши војници, туку само лоши офицери“.

Петте основни чекори за справување со оние кои потфрлиле се:

1. Да се идентификува и да се постигне согласност за проблемот.

Се анализира повратната инфромација и колку е возможно треба да се добие согласност за тоа на што се однесува потфрлањето. Повратната информација може да се добие од управата, но исто така може да се вгради и во самата работа. Ова е возможно ако луѓето се свесни за целите и стандардите, ако знаат кои се мерките за учинокот и имаат лесен пристап до повратна информација за тоа. Тогаш и самите се во можност да го оценат својот учинок и доколку се добро мотивирани и добро обучени и самите да преземат корективни акции. Со други зборови, постојат саморегулирачки механизми за повратна информација. Ова е ситуација кон која менаџерите треба да се стремат за да создадат атмосфера во која „превентивата“ е подобра од „лечењето“.

2. Да се утврдат причините за проблемот.

Кога се бараат причините за било кој проблем, менаџерот не треба „сурово“ да ја утврдува вината. Целта треба да биде менаџерот и подредениот заедно да ги идентификуваат фактите кои придонеле до проблемот. Тоа треба да е основано на анализа за да можат да се донесат одлуки за тоа што може да се направи. Потребно е да се идентификуваат причини кои се надворешни и се надвор од контрола на менаџерот или на подредениот. Кои било фактори кои се

под контрола на лицето или на менаџерот, треба да се земат предвид. Треба да се утврди во која мера причината за проблемот е тоа што вработениот:

- не добил соодветна поддршка и водење од менаџерот;
- не разбрал целосно што се очекува од него;
- не бил способен да го направи тоа;
- не знаел како да го направи тоа;
- не сакал да го направи тоа.

3. Да се постигне согласност и да се одлучи за потребните акции.

Акција треба да се преземе од вработениот, од менаџерот или и од двете страни. Тоа може да вклучува:

- Вработениот презема чекори за да се подобрат вештините и да се промени однесувањето;
- Вработениот ги менува ставовите – предизвикот е дека луѓето нема да ги сменат ставовите само затоа што некој им кажал дека треба. Треба да им се помогне да разберат дека промените на нивното однесување можат да не бидат од полза само за нивната организација, туку и за нив самите;
- Менаџерот да обезбеди повеќе водење и поддршка;
- Менаџерот и подредениот заеднички да ги разјаснат очекувањата;
- Менаџерот и подредениот да работат заедно да се развијат способностите и вештините - ова е партнерство во кое подредениот презема чекори да се развива, а менаџерот му дава помош во форма на водење, обука и искуство.

За што и да се договорат, и двете страни мора да сфатат на кој начин ќе дознаат за тоа дали успеало истото. Може да се договори за систем за повратна информација, но вработениот треба да се охрабри самиот да го следи сопствениот учинок и да преземе натамошни акции.

4. Да се обезбедат потребните ресурси за акциите.

На пример: водење, обука, искуство и други средства кои се неопходни за она што е договорено, тоа и да се случи.

5. Да се набљудува и да се обезбеди повратна информација.

И менаџерите и вработените треба да го набљудуваат остварувањето на учинокот, треба да осигураат дека повратната информација се добива и анализира и треба да се договорат за натамошни акции кои можеби ќе бидат потребни.

⇒Мотивирање на вработените


Мотивацијата може да се дефинира како однесување насочено кон остварувањето на некоја цел, поаѓајќи од определена потреба на човекот, а со цел нејзино задоволување. Мотивацијата е комплет на сили кои го тераат човекот да се однесува на определен начин. Во организациски контекст, мотивацијата се дефинира како спремност за учество во остварувањето на целите на организацијата.

Трите компоненти на мотивацијата, според Арнолд (1991), се:

- Насока - што се обидуваме да направиме;
- Напор – колку многу се обидуваме;
- Упорност - колку долго се обидуваме.

Еден модел на процесот на мотивација е презентиран на шемата подолу. Тој укажува дека мотивацијата е иницирана од свесно или од несвесно признание за некоја незадоволена потреба. Овие потреби креираат желба да се постигне нешто. Потоа се поставуваат цели за кои се верува дека преку нивното остварување ќе бидат задоволени потребите. Ако целта е постигната, потребата ќе биде задоволена и веројатно е дека однесувањето ќе се повтори следниот пат кога ќе се појави таква потреба.

Шема за процесот на мотивација



ТИПОВИ НА МОТИВАЦИЈА

Мотивацијата на работното место може да се одвива на два начини. Прво, луѓето можат да се мотивираат со барање, наоѓање и извршување работа која ги задоволува нивните потреби или барем им овозможува да се надеваат дека нивните цели ќе бидат остварени.

Второ, луѓето можат да се мотивираат од страна на управата, преку некои методи, како што се: плата, промоција, награда итн.

Постојат два типа на мотивација, како што идентификувал Херцберг (1957):

- Внатрешна мотивација - самогенерирани фактори кои влијаат на луѓето да се однесуваат на одреден начин или да се движат во одредена насока. Овие фактори вклучуваат: одговорност (чувство дека работата е важна), автономија (слобода на дејствување), опсег на користење и развој на вештини и способности, наоѓање интерес и предизвик во работата, можности за напредување;

- Надворешна мотивација - што може да се направи за луѓето за тие да бидат мотивирани. Ова вклучува награди, како на пример, зголемена плата,


промоција, пофалба и казни како дисциплински акции или критика. Надворешната мотивација може да има брз и моќен учинок, но не е сигурно дека ќе трае долго. Поголема е веројатноста дека внатрешната мотивација ќе има подлабок и подолгорочен учинок бидејќи не е наметната.

Теории за мотивација

Теоријата на Маслов

Теоријата на Маслов за хиерархија на потребите тргнува[6] од постулатот дека луѓето имаат општа низа на потреби, кои можат да се подредат во хиерархија според нивната важност. Во оваа хиерархија првенствени придвижувачи на човечкото однесување се потребите од пониско ниво, но откако ќе се задоволат овие потреби, нивната улога ја преземаат потребите од повисоко ниво. Потребите од повисоко ниво ќе се појават само ако се задоволат потребите од поништото ниво. Маслов смета дека оваа хиерархија е иста за сите луѓе, но различни луѓе можат да дејствуваат на различни нивоа во оваа хиерархија. Хиерархијата на потребите е следнава:

[6] Abraham Maslow, статија "A Theory of Human Motivation" in Psychological Review 1943



Според Маслов, секоја од овие потреби треба да се задоволи по ред оддолу кон горе: прво основните потреби, па потоа потребите на следното, по ред, повисоко ниво. Еднаш задоволена потреба престанува да го мотивира однесувањето, а наредните потреби во хиерархијата стануваат доминантни. Најниско на хиерархијата се наоѓаат физиолошките потреби, кои се всушност основните телесни потреби за храна, вода, спиење, сензорна сатисфакција и слично. На второ ниво се наоѓаат потребите за сигурност, односно потребите за безбедност и заштита. На трето ниво се наоѓаат социјалните потреби, односно потребата за љубов и припадност. Четвртата категорија се потребите за почитување. Последната потреба, воедно и највисоката во хиерархијата на Маслов, е потребата за самоактуелизација, односно остварување, потврдување на себеси. За неа карактеристично е тоа што колку повеќе се задоволува, толку станува посилна.

Потребите треба да бидат незадоволени за да можат воопшто да мотивираат. Ако две нивоа на потреби не се задоволени, тогаш она поништото ќе доминира.

Теоријата на Херзберг за хигиенски и мотивациски фактори

Според теоријата на Херзберг[7], човечките потреби се организирани во две посебни групи: првата со цел да се избегне болката, и втората со цел да се овозможи психолошки раст и развој. Елементите на овие две групи биле идентификувани низ емпириско истражување. Било утврдено дека некои фактори силно го одредуваат незадоволството и тие се наречени хигиенски фактори. Друга група на фактори силно го одредува задоволството и тие биле наречени мотивациски фактори.

ХИГИЕНСКИ ФАКТОРИ	МОТИВАЦИСКИ ФАКТОРИ
1. Политика на организацијата	1. Стремеж кон достигнувања
2. Администрација	2. Признание
3. Надзор	3. Природата на работата самата по себе
4. Надомест за работата	4. Одговорност
5. Меѓучовечки односи	5. Напредување во кариерата
6. Работни услови	6. Можности за развој
7. Сигурност	
8. Учинок врз приватниот живот	

Хигиенските фактори ја претставуваат околината на која човекот се обидува да се прилагоди и се извор на страдање и водат до незадоволство.

[7] Herzberg, Frederick; Mausner, Bernard; Snyderman, Barbara B. (1959). *The Motivation to Work* (2nd ed.). New York: John Wiley.

Доколку овие фактори се во „лоша состојба“, тие продуцираат поголемо незадоволство од работата. Кога нивната состојба ќе се подобри, ќе дојде до намалување на незадоволството.

Битно е да се истакне дека квалитетот на хигиенските фактори создава исклучиво одредено ниво на незадоволство, односно нивното неисполнување, додека мотивациските фактори го одредуваат нивото на задоволство од работата. Тие се сосема различни од хигиенските, односно од оние кои создаваат незадоволство. Тоа е така, бидејќи според Херзберг, чувството на задоволство не е спротивно на незадоволството.

Спротивно на задоволството не е незадоволството, туку отсуство на задоволство и, слично, спротивно на незадоволството е отсуство на незадоволство.

Луѓето кои се ориентирани да го намалат незадоволството, односно бараат подобри хигиенски фактори, според Херзберг, ги имаат следните карактеристики:

- Мотивирани се од опкружувањето;
- Хронично се незадоволни од различни аспекти на работата: платата, работните услови, колегите, политиката на организацијата;
- Бурно реагираат на подобрување на хигиенските фактори, но тоа кратко трае;
- Малку се интересираат за видот и квалитетот на работата која ја работат;
- Малку се задоволни од достигнувањата;
- Не профитираат професионално од сопственото искуство;
- Тие се ултралиберали или ултраконзервативни;
- Проповедаат филозофско раководење и се однесуваат како менаџери повеќе од самата управа;
- Можат да бидат успешни во работата благодарение на својот талент.

Луѓето кои се ориентирани да го зголемат задоволството, односно бараат мотивација, според Херзберг, ги имаат следните карактеристики:

- Мотивирани се примарно од самата работа;
- Имаат поголемо ниво на толеранција за хигиенските фактори;
- Помалку реагираат на промените во квалитетот на хигиенските фактори;
- Покажуваат големо задоволство од постигнувањата;
- Имаат капацитет да уживаат во работата која ја работат;
- Имаат позитивни чувства кон работата и животот, воопшто;
- Веруваат дака системите се искрени и разумни;
- Можат да бидат успешни во работата.

Чекори за мотивација

Чекор 1: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што им обезбедува јасно разбирање на нивните одговорности.

Чекор 2: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што им дава авторитет еднаков на одговорноста која им е доделена.

Чекор 3: Менаџерот ги мотивира другите со поставување стандарди на одличност кои ги поттикнуваат да го остварат својот целосен потенцијал.

Чекор 4: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што ги развива нивните вештини и самодоверба кои им се потребни да ги остварат стандардите на одличност.

Чекор 5: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што им обезбедува знаење и информации кои им се потребни за да донесат соодветни одлуки.

Чекор 6: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што им дава повратна информација за нивниот учинок.

Чекор 7: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што им оддава признание кое ја јакне нивната самодоверба и ги мотивира да продолжат да работат најдобро што можат.

Чекор 8: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што верува во нив што им помага самите да веруваат повеќе во себе.

Чекор 9: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што им дозволува да згрешат.

Чекор 10: Менаџерот ги мотивира другите со тоа што кон нив се однесува со достоинство и почитување.



Дефинирање на „менаџмент со наградување“

Менаџмент со наградување се однесува на формулирање и спроведување стратегии и политики кои имаат за цел да обезбедат наградување кое е фер, праведно, конзистентно и во согласност со вредноста која ја носат

луѓето за организацијата и на тој начин да ѝ помогне на организацијата да ги постигне своите стратешки цели.

Се однесува на дизајнирање, спроведување и одржување системи за наградување.

Цели на „менаџмент со наградување“

Менаџментот со наградување има цел:

- да ги награди луѓето во согласност со тоа што организацијата го цени најмногу и за што сака да плати;
- да ги награди луѓето за вредноста што тие ја создаваат;
- да ги наградува за „вистинските“ работи, пренесувајќи порака што е важно во однос на однесувањето и резултатите;
- да ги мотивира луѓето и да обезбеди нивна посветеност;
- да помогне во организацијата да бидат привлечени и задржани луѓе со висок квалитет кои ѝ се потребни на организацијата;
- да го креира целосниот процес за наградување кој ја препознава важноста и на финансиските и на нефинансиските награди;
- да ги поврзе практиките за наградување со организациските цели и вредностите на вработените.

Елементи на „менаџмент со наградување“

Елементите на менаџментот со наградувањето се:

- Систем за наградување;
- Стратегија за наградување;
- Политики за наградување.

Системот за наградување се состои од:

- Политики кои обезбедуваат насоки за пристапи за менаџмент со наградите;

- Практики кои обезбедуваат финансиски и нефинансиски награди;

- Процеси кои се однесуваат на оценка на релативната големина на работата (работното место) и оценка на индивидуалниот учинок (управување со учинокот);

- Процедури кои функционираат за да го одржуваат системот и да осигураат дека тој функционира ефикасно и флексибилно и дека ја обезбедува вредноста за вложените пари.

Стратегијата за наградување утврдува кои се намерите на организацијата подолгорочно во однос на развојот и спроведувањето политики, практики и процеси за наградување кои ќе овозможат постигнување на целите.

Политиките за наградување ги препознаваат следните прашања:

- Нивото на награди, имајќи ја предвид ситуацијата на пазарот, односно како платите во организацијата се споредливи со оние на пазарот (пример, средна плата во секторот);

- Пристапот кон вкупните надоместоци (збир од финансиски и нефинансиски награди);

- Обемот во кој ќе се користат дополнителни награди основани на учинок, компетентност, придонес или вештини;

- Улогата на средното раководство;

- Транспарентноста - објавување информации за структурата на наградите и процесите поврзани со тоа.

Одредување на платите

Кога се воспоставуваат различни нивоа на платите, најважно е критериумот на движењето од едно во друго ниво да биде јасно одреден.

Најширок прифатен критериум е образованието на вработените. Во бирократски организации (на пример, една влада), системот на платите се базира на работниот стаж. Секоја наредна година вработениот оди понапред. Овој систем обрнува големо влијание на сигурноста. Овој вид на платен систем е единствено веројатен во организации на кои не влијаат надворешни фактори, што можат да бидат опасни по нивниот опстанок.

Во друга крајност, постојат платни системи во кои платата е директно, а понекогаш дури и ексклузивно поврзана со резултатот од работата на вработениот (како што е, на пример, бројот на продадени машини, реализиран обем на работа итн.). Во овој систем се обрнува големо влијание на резултатите од работата. Последниот тип на платен систем е возможен само во оние работни организации каде вработените може да имаат влијание врз резултатот од работата. Во организациите каде луѓето се само мала алка во целата машинерија и резултатот зависи од работата на целата група, овој систем би бил непрактичен.

Во такви организации вработените добиваат плати што директно зависат од резултатите од групната работа. Покрај годините и резултатот од работата, како критериуми во последните неколку години, се става акцент и на нивото на раководна одговорност, бројот на луѓето што ги надгледува менаџерот. Покрај ова, може да се земат предвид и други критериуми, како што се целокупното искуство, креативноста (да се биде иновативен) и успешната комуникација со јавноста. Важно е да се вметнат оние критериуми што се во согласност со стратегијата на работа на организацијата. Вработените сакаат фер игра, важно е луѓето што извршуваат иста работа да се платени подеднакво (доколку не се употребуваат други критериуми).

Покачување на платите

Покрај различната висина на платите и различните критериуми за класификација и движење од едно во друго ниво, исто така е многу важно ако платата се покачува секоја година. Овие покачувања се даваат за компензација со инфлацијата. Во случај една организација да има само неколку нивоа на висина

на платите, тоа е начин да се наградат луѓето за здобивањето со поголемо искуство. Годишните покачувања, покрај компензацијата со инфлацијата, може да ја направат помала разликата помеѓу последната година во даденото ниво и првата година во наредното ниво.

Поради посебни причини, платата може еднократно да биде покачена со бонуси. Причините за доделување бонуси може да бидат различни, но најчесто се поврзани со исклучително успешно завршена работа.

Друг вид на наградување, покрај платата

Овие добивки се всушност показатели за развој и унапредување на една кариера. Големо значење има и самото признание од колегите и претпоставените. Средината во која редовно се дава позитивен повратен резултат е конструктивна и позитивна средина за работа. Друг вид на наградување, освен плата, обично се дава за екстра работни часови при работа на проекти кои треба да бидат завршени за дадено време. Претставувањето на самата организација на конференции ќе го зголеми статусот на вработениот. Учеството на курсеви за обука што ќе му овозможат на вработениот да има поинтересна работа или да патува надвор од земјата често се смета за добивка надвор од платата.

Мал подарок, торта за роденден, картичка за некој посебен повод исто така се сметаат за еден вид награда.

Најважно од сè е, се чини, вработените да се чувствуваат дека на нив се гледа како на човечки суштества, а не само како работна сила.

Комуникација во врска со системот за наградување

Во последно време се смета дека платниот систем треба да биде транспарентен. Ова не значи дека сите треба да знаат кој колку заработува. Тоа значи дека критериумите за класификација на платите и покачувањето на платите се јасно одредени. Во организацијата каде учеството е важно, управниот тим

може да одлучи самите вработени да предложат систем на бонуси што може да биде прифатен. Во други организации платите на поединците се сметаат за тајна. Отвореноста во врска со платите може да спречи разни гласини и незадоволство меѓу вработените.

⇒Развој и управување со кариерата

Развојот на кариерата на вработените е иницијатива преземена од компаниите за да се овозможи обука и раст на вработените во рамките на организацијата. Ова им овозможува не само на вработените да растат, туку и на организациите да ги пополнат празнините создадени од новите технологии и недостатокот на таленти за да ги пополнат овие позиции.

Накратко, тоа им користи и на работодавачот и на работникот.

Развојот на кариерата на вработените се појавува како значаен двигател на ангажираност и задржување. Вработените во денешно време сакаат повеќе можности да ги усовршат постојните вештини, да истражуваат нови дисциплини и да напредуваат на лидерските позиции.

И не станува збор само за промена во начинот на размислување. Просечниот работник во 2018 година остана во истата улога 50% подолго, отколку што тоа го правел пред 10 години.

Ова значи дека кариерата на вработените не се движи со иста брзина како и пред 10 години. Во меѓувреме, милениумските побарувања за надградување и професионално напредување растат.

Зошто развојот на кариерата сега мора да биде координиран: Институцијата Л&Д Инструктура[8] спроведе детално истражување за потребата организациите да инвестираат во развој на кариера на вработените.

Извештајот откри изненадувачки увид во уверувањата на работодавачите, очекувањата на вработените и јазот меѓу двете:

[8] Instructure Learning and development (L&D) solutions

- 98% од работодавците користат алатки за развој на кариера за своите вработени, но само 26% од вработените се задоволни од резултатите.
- 3 од 4 испитаници изјавиле дека се „сами“ во формулирањето на нивниот пат во кариерата, без соодветна поддршка од работодавците.
- И покрај компаниите кои веќе користат алатки за развој на кариера, над една четвртина од работодавците сакаат да инвестираат понатаму - што укажува на изобилство алатки на пазарот со технолошки ресурси, но сепак не ги постигнуваат посакуваните резултати.

Јасно е дека состојбата на развој на кариера на вработените во моментов е помалку од импресивна.

Во 2018 година, Гартнер[9] откри дека 40% од вработените кои доброволно оставаат список со работни места, имаат недостаток на можности за развој на кариера како клучен фактор.

Со оглед на тоа колку може да биде скапо опаѓањето (во смисла на вработување, дополнително работење, преквалификација и губење на знаење за доменот), развојот на кариерата може да се гледа како начин да се задржи врвниот талент.

Во денешно време се чини не е доволно само да се зборува за унапредувања или странични потези за време на годишниот циклус на проценка со вработените.

Како да се развива кариерата на вработените

Не е доволно само да се зборува за унапредувања или странични померувања за време на годишниот циклус на проценка со вработените. Развојот на кариерата треба да биде дел од редовните разговори на работното место, правејќи ги вработените свесни за тоа што претстои во и надвор од нивната моментална позиција. Кога се водат дискусии за смени во кариерата, можат да се следат овие три чекори:

[9] Garthner Research Inc, Stanford, Connecticut USA

1. Разговор за „вредност“

